На 31.08.2016 и 01.09.2016 во просториите на Детската амбасада Меѓаши се одржаа две фокус групи како дел од Внатрешна евалуација. Фокус групите беа спроведени според насоките за завршната евалуација во ПРЕЦЕДЕ проектот која беше подготвена од страна на експертот за завршна евалуација. Целта на оваа евалуација е да ги оцени резултатите, научените лекции, влијанието и одржливоста на резултатите.

- **Надворешна ревизија за имплементација на системот за менаџмент на квалитет ИСО 9001 на 12.08.2016 од страна на акредитиран консултант од YUQS**

На 12.08.2016 од страна на YUQS се спроведе надворешна ревизија за системот на менаџмент на квалитет. Надворешна ревизија се спроведе на сите делови од системот што претставува редовен процес во имплементација на системот. Надворешната ревизија покажа дека сите процедури се спроведуваат во согласност со препишаните процедури, насоки и правила за менаџмент на системот за квалитет. За време на надворшената ревизија беа проверени неколку работи: - дали имплементираните интерни ревизии биле направени и дали организацијата редовно спроведувала корективни и превентивни мерки; - проценка на ефикасноста и ефективноста на веќе воспоставениот систем за менаџмент; - идентификација и имплементација на препораките дадени за време на претходната ревизија; - проверка на организацискиот тим и нивното влијание врз функционирањето на системот за менаџмент. Беа дадени неколку предлози за подобрување на системот за менаџмент на квалитет во наредната година. Тие беа: - појасна дефиниција за поимот „корекција“, - мерење на задоволството на донаторите кои беа анализирани за време на проверката на процедурата на системот за менаџмент на квалитет од страна на раководството.

- **Состанок на ПРЕЦЕДЕ мрежата и семинар за градење на мир и почитување на различностите, 30.10.2016 – 02.11.2016 во Берово**

Од 30.10.2016 до 02.11.2016 во Берово во просториите на хотел Аурора се одржа состанокт на ПРЕЦЕДЕ мрежата и Семинар за градење на мир и почитување на различностите. На состанокот присуствуваа голем број на членови од ПРЕЦЕДЕ мрежата, како воспитувачи, директори на градинки, претставници од партнерски граѓански организации, претставници од општина Гази Баба, Штип и Куманово и претставници од надлежни инситуции како што се претставници од Министерството за труд и социјална политика и Бирото за развој на образование. Теми на состанокот беа постигнатите резултати на ПРЕЦЕДЕ проектот; препреките за време на имплементација на активностите и начинот на продолжување на одржливоста на националната ПРЕЦЕДЕ мрежа по завршување на проектот. Посебен фокус беше ставен на можните извори за финансирање на програмата, како што се локалните власти, социјално одговорните компании итн. Учесниците го споделија нивното мислење и предлози преку групна работа и пленарни презентации. Главниот заклучок беше дека програмата е многу корисна за македонското општество и дека треба да продолжи со имплементација како што беше и предложено и вклучување на повеќе градинки во истата. Повеќето од членовите на мрежата имаа улога во состанокот, односно повеќето од нив беа ангажирани како модератори/фасилитатори во некоја од сесиите, а некои од нив водеа и активности. Состанокот беше поделен во неколку сесии кои беа посветени на различни аспекти од функционирањето на мрежата. Ова беше водено од страна на националниот координатор и од страна на директорот на една градинка. За време на состанокот, беа прегледани различни аспекти на функционирањето на мрежата и беа анализирани сите компоненти на програмата и начинот на кои тие се имаат имплементирано. Иако имаше сесии кои беа директно посветени на функционирањето на мрежата, имаше и одделни сесии за секоја од петте компоненти кои се дел од програмата. Со тоа, сите учесниците и во исто време членови на мрежата ги прегледаа активностите на мрежата во секоја компонента со фокус на значајни постигнувања во секоја од нив.

- **Лабораторија за акциско истражување; Работилница за мониторинг и евалуација, 17.10.2016 и 18.10.2016, Скопје**

На 17.10.2016 и 18.10.2016 во просториите на хотел Томче Софка во Скопје се одржа работилница за лаборатории за акциско истражување; Мониторинг, евалуација и нивната практична имплементација. Со оглед на тоа што работилницата беше посветена и на акциско истражување и на мониторинг и евалуација, беше одлучено фокусот да биде повеќе на конкретни случаи и истражувања спроведени од страна на членови на ПРЕЦЕДЕ мрежата. Градинката Ангел Шајче од Куманово, во рамките на проектот, спроведе акциско истражување наречено „Развој на говорот на малите деца„; Граѓанската организација Отворете ги прозорците спроведе истражување

наречено „Процесот на инклузивниот процес во предшколските установи во општина Карпош“; градинката Астибо од Штип – „Персонализираните кукли во мојата градинка“ и градинката „Детска радост“ од Гази Баба – „Култура за мир“. По презентациите следуваше групна дискусија за можностите како да се употребува акциското истражување во секојдневната работа и како овој вид на истражувања придонесуваат во градење на мир и почитување на различностите.

- **Тренинг за менаџмент на квалитет во граѓански организации, 25-26.10.2016 во Скопје**

Од 25 – 26.10.2016, во хотел Порта во Скопје, се одржа тренинг за менаџмент на квалитет во граѓански оргазации каде присуствуваа претставници од граѓански организации кои се дел од ПРЕЦЕДЕ мрежата. На тренингот присуствува и претставници од граѓански организации кои не се дел од мрежата бидејќи идејата е да се сподели искуството од ИСО 9001 колку што е можно повеќе. Тренингот беше поделен на неколку сесии со цел да се покријат поголемиот дел од потребите на организациите. Вториот беше посветен на предностите на стандардите на квалитет во работата на граѓанските организации, а другата сесија ги покри основните барања на ИСО 9001 што значи политика на квалитет, одговорност на раководството, планирање и обезбедување на ресурси, мерење, анализирање и подобрување на услугите, проверка на системот за квалитет. Главниот фокус беше ставен на потребите на организациите, стретешкото планирање во организациите, менаџирање на човечките ресурси и други работи кои беа идентификувани како потреби на организацијата. Посебна сесија беше посветена на новата едиција на ИСО 9001:2015 и менаџмент на ризици. Исто така беше прегледана и СТЕМ алатката за себе-евалуација на граѓанските организации и сите учесници ја добија алатката со цел да ја користат во нивните организации.

**Линкови од јавни настапи:**

https://www.youtube.com/watch?v=oiqrD2pG_Qk
https://www.youtube.com/watch?v=zKn-3X0l0YM
https://www.youtube.com/watch?v=8DR_ipDwXGQ
https://www.youtube.com/watch?v=OIMqDGNhqh4
https://www.youtube.com/watch?v=iKJt7AWpDQc

## 3. ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Назив на програмата:** Програма за Мировно Образование

**Цел на програмата:** Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

**Целна група:** проектот најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје: гимназија: "Никола Карев", ГУЦ "Здравко Цветковски" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов". Во текот на 2013 – 2016 ја проширивме оваа програма во нови средни училишта во/и надвор од Скопје, во Виница СОУ "Ванчо Прке", Скопје СУГС „Владо Тасевски„ СУГС „Арсени Јовков„ и СУГСГИМ "Зеф Љуш Марку" како и во средните училишта ЦСНО „Здравко Чочковски" – Дебар, СОУ Гимназија „Кочо Рацин„ – Велес, СОУ Гимназија „Гостивар„ – Гостивар, како и средното училиште ,,Шаип Јусуф" од Скопје.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2011-2018 со можност за продолжување.

**Вкупен Буџет и донатор:** Германското федерално министерство за економска соработка и развој. Вкупен буџет за 2016: 73.183 ЕУР.

**Активности спроведени во 2016 год. Дел од клучните активности:**

| | |
|---|---|
| 16-18.01.2016 | Основен тренинг за Мировно Образование, Берово |
| 06.02.2016 | Работилница за градење на мирот |
| 11.02.2016 | Работилница за градење на мирот |
| 25.02.2016 | Работилница: Боење на зидот во училишниот двор |
| 31.03-03.04.2016 | Тренинг за фацилитација на работилници за мировно образование, Берово |
| 13.04.2016 | Промоција на прирачник за наставници - како да разговараат за бегалската криза, Скопје |
| 16.04.2016 | Работилница за Застапување и лобирање за МО, Скопје |
| 23.04.2016 | Работилница за Застапување и лобирање за МО, Велес |
| 09.05.2016 | Промовирање на Прирачникот за наставници за како да разговараат за бегалската криза, Ванчо Прке - Виница |
| 13.05.2016 | Промовирање на Прирачникот за наставници - како да разговараат за бегалската криза, Дебар |
| 19.05.2016 | Работилница за Застапување и лобирање, Скопје |
| 27-29.05.2016 | Тренинг за Застапување и лобирање за МО, Струга |
| 18-20.06.2016 | Тренинг за Застапување и лобирање за МО, Берово |
| 21-26.08.2016 | Основен Тренинг за Мировно Образование, Кичево |
| 21.09.2016 | Сет на различни настани за одбележување на Денот на Мирот во Скопје, Велес, Гостивар, Виница |
| 27.09-7.10.2016 | Кампања за Мирот |
| 03-06.11.2016 | Тренинг за МО - идентитети 1 |
| 18.11.2016 | Работилница за Регионално искуство за адвокативност за мир/граѓанско едуцирање од Хрватска 1 |
| 22.11.2016 | Работилница за правата на децата |
| 24-27.11.2016 | Тренинг за МО - идентитети 2 |
| 15.12.2016 | Работилница за Регионално искуство за застапување за мир/граѓанско образование, Хрватска 2 |

**Постигнати резултати:**

Тимот на програмата за мировно опбразование (ПЕП) контуинирано негува добри односи со наставниците и професорите од средните училишта со одржување редовни состаноци преку различни програми (Facebook група, телефон, е-маил, состаноци). Сметаме дека на овој начин градиме доверба и добри основи за соработка. Овој тренд го продолживме и 2016. Опсегот на активности спроведени од наставниците различен е во секое училиште, во зависност од бројот на наставници кои се вклучени во спроведување на мировните активности. Повеќето од наставниците имаат потреба од поддршка. Голем број наставници покренаа доста иницијативи во делот на  имплементирање мировни активности на повеќе независни начини. Тимот на ПЕП контуинирано нудеше поддршка за наставниците на кои им беше потребна. Дел на наставници употребуваа техники кои се употребуваат во тренинг програмата за МО, во рамките на нивните часови.

Во рамките на тренинг програмата ПЕП продолжи со одржување на т.н.скроени тренинзи. Се заклучи дека зајакнувањето на капацитетите за фасцилитирање ќе им помогне на наставниците во таа насока. Таков тренинг и беше понуден, а исто така и на тема: идентитети. Во контекст на бегалската криза, од повеќето структуирани разговори беа забележани различностите и сличностите помеѓу градењето на мирот и хуманитарната работа, во рамките на оваа тема беше организирана и работилница. Земајќи го фактот дека во овој период проектот беше во процес на активности за застапување и лобирање, спроведовме низа работилници и тренинзи во контекст на зајакнување на капацитетите на професорите. Беа организирани  работилници на регионално ниво.

Во врска со пишаните материјали, го издадовме Прирачникот за наставници за тоа како да разговараат за бегалската криза со учениците. Истиот беше објавен и поделен на наставниците и училиштата низ Македонија. Во септември, ПЕП стартуваше со Мировната кампања за инкорпорирање на МО во образовниот систем во земјава. Кампањата официјално започна со спроведување активности за одбележување на 21_ви Септември, - Меѓународниот ден на мирот и продолжи со интензивно спроведување на различни активности. Во извештајниот период беа поставени билборди под мотото: “Мирот е секој чекор” на 53 локаци низ цела Македонија, а наставниците и тимот на ПЕП гостуваа во различни медиуми.

Во рамките на Кампањата за Мирот наставниците беа доста присутни во медиумите подигнувајќи ја свеста на граѓаните за потребата за инкорпорирање на Мировното Образование во едукативно образовниот систем разговарајќи на оваа тема. Ваквото поставување беше со намера да се промовираат се повеќе мировните активности во училиштата  како и општо целиот проект но, истотака суптилно да се апелира на луѓето од различни заедници кои живеат во Македонија да се приклучат кон заеднички став.  Како што некои наставници изјавија, овој вид јавен настап им помогнал во објаснувањето и добивањето на поголема поддршка за Мировното Образование од колегите во нивните училишта.

**Фотографии од активностите:**

https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/sets/72157651172350615

**Линкови од јавни настапи:**

https://www.youtube.com/watch?v=E5lFY33waI4

https://www.youtube.com/watch?v=TjZDVu6bMHQ

https://www.youtube.com/watch?v=TNV1ANGEC74

https://www.youtube.com/watch?v=TNV1ANGEC74&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=TjQo_xrJQRI&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=VvMmMzwla4Q&feature=share&app=desktop

https://www.youtube.com/watch?v=TjQo_xrJQRI&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=Uq7ilY42G4Y&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=lmKXbp5F8lA&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=jpeVgo42a1k&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=eSp7e1s8Fok&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=TjQo_xrJQRI&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=JudsPUhENgQ&feature=youtu.be

## 4. ТРАНСНАЦИОНАЛНА КОАЛИЦИЈА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНИ И ДЕЦА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО – СТОП

Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна со имплементација на проектот „Транснационална коалиција на граѓански организации на Југоисточна Европа за заштита на жени и деца од трговија со луѓе и родово базирано насилство – СТОП". Овој проект започна да се спроведува од 1 јануари 2016 година и ќе трае до 31 декември 2019 година, а е финансиран од Европската унија во рамките на програмата Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility and Media Programme.

Проектот е имплементиран од партнерство помеѓу граѓански организации од неколку држави од регионот и тоа: ***Ромски демократски центар (Roma Center for Democracy)*** од Србија како носител на проектот во соработка со партнерите ***Првата детска амбасада во светот Меѓаши*** од Македонија***, Центар за мир и толеранција (Center for Peace and Tolerance)*** од Косово***, Партнери за детето (Partnere per femijet)*** од Албанија ***и Виве Жене (Vive Zene)*** од Босна и Херцеговина.

**Општата цел** на овој проект е да се зајакнат граѓанските организации и да се поттикнат да учествуваат во владините политики и процесот на одлучување преку зајакнување на капацитетот за дијалог (помеѓу организациите и Владата).

**Специфичните цели** се да се поттикне вмрежување на граѓанските организации со цел да се олесни размената на знаења и вештини преку застапување за теми поврзани со трговија со илегална миграција и последиците од тоа како што се трговија со луѓе и родово засновано насилство додека се транзитира низ Југоисточна Европа.

**Целни групи се**: граѓански организации, Национални и локални власи и носители на одлуки во Југоисточна Европа.

**Корисници се**: Жени и деца жртви од трговија со луѓе, одговорни институции на Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија и Косово; меѓународни организации кои се занимаваат со прашања поврзани со нелегална миграција.

**Спроведени активности во 2016 година:**

- **Работен состанок на 09.05.2016 во Скопје – отворање на проектот во Македонија со релевантни чинители**

На 09.05.2016 година во НВО Центарот во Скопје, Првата детска амбасада во светот Меѓаши организираше работен состанок со цел отварање на СТОП проектот во Македонија каде беа поканети релевантни чинители од областа на трговија со луѓе и родово базирано насилство. Поголемиот дел од поканетите релевантни чинители присуствуваа на овој состанок, меѓу кои претставници од државни институции и претставници од граѓански организации. Вкупниот број на учесници беше 17. За време на овој состанок, беа претставени целите на проектот, планираните активности и вклученоста на целните групи при имплементација на проектните активности. Учесниците покажаа интерес за проектот, се интересираа за повеќе детали во врска со проектот и дообјаснувања на целите на проектот.

- **Експертски панел/фокус група за трговија и криумчарење одржана во Скопје, 07.10.2016**

На 7ми октомври 2016 година, Детската амбасада Меѓаши организираше еден експертски панел/фокус група со цел да се направи проценка на тоа како трговијата со луѓе во Македонија е поврзана со илегалната миграција со посебен фокус на мигрантската криза. Активноста се спроведе во Скопје и беа присутни претставници од релевантните чинители во земјата надлежни за горенаведената проблематика. Дискутираните прашања на овој експертски панел/фокус група беа: - моменталната состојба со трговијата со луѓе во Македонија, - рамка на политики, - заштита и помош, - приоритетни препораки.

- **Два експертски панели/фокус групи за родово базирано насилство одржани во Скопје, 13.10.2016**

На 13.10.2016 и 18.10.2016, Детската амбасада Меѓаши, организираше два експерски панели/фокус групи со цел да се направи проценка на тоа како родово базираното

насилство во Македонија е поврзано со илегалната миграција со посебен фокус на мигрантската криза. Активноста се спроведе во Скопје и беа присутни претставници од релевантните чинители во земјата надлежни за горенаведената проблематика.

- **Тркалезна маса со релевантни чинители во Македонија (државни институции и граѓански организации) одржана на 27.12.2016 во Скопје**

На 27.12.2016 година, проектниот тим на Детската амбасада Меѓаши организираше Тркалезна маса на која се презентираа препораките за подобрување на ситуацијата со борбата против трговија со луѓе и илегална миграција, како и борбата против родово базираното насилство. На Тркалезната маса присуствуваа претставници од граѓански организации, државни институции како што е Центарот за социјална работа и меѓународни организации кои работат во полето на трговија со луѓе и криумчарење. Воедно, ученици од средното училиште „Никола Карев" заедно со нивната професорка исто така присуствуваа, што претставуваше дополнителна можност да се прошири проектот и на помлада популација и да се подигне свест и интерес меѓу популацијата. На тркалезната маса имаше четири претставници кои зборуваа и споделија препораки. Една од нив беше претседателката на Националниот совет за родова рамноправност која сподели препораки за усогласеноста на Законот за превенција и заштита од семејно насилство со Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жените, што е и дел од од истражувањето кое е спроведено од страна на Националниот совет за родова рамноправност. Воедно, надворешниот експерт за национални стратегии ги презентираше препораките/придонес во развојот на Националните стратегии за трговија со луѓе. Учесниците на Тркалезната маса го споделија нивното мислење, даваа предлози и препораки кои надворешниот експерт ги зема предвид при финализирање на препораките.

**Линкови од јавни настапи:**

https://www.youtube.com/watch?v=BYQS9J92-Hs&t=4s
https://www.youtube.com/watch?v=    VfiLwqhs4
https://www.youtube.com/watch?v=klTMvar2WMc
https://www.youtube.com/watch?v=HD6IrrW6jYo
https://www.youtube.com/watch?v=LmWjz2KwrA0
https://www.youtube.com/watch?v=dzgnopCj8aw
https://www.youtube.com/watch?v=tDpvSfpUan0
https://www.youtube.com/watch?v=yGDX6ULLqbc
https://www.youtube.com/watch?v=tDpvSfpUan0&t=19s
https://www.youtube.com/watch?v=r5nysQbn25k
https://www.youtube.com/watch?v=uO1DqAbEXX0

## 5. ОДГОВОРНО РОДИТЕЛСТВО

**Назив на проектот:** Одговорно родителство

**Цел на проектот:** Поттикнување граѓански активизам за развивање на механизми за родителство учество со цел вклучување на родителите во процесите на донесување одлуки поврзани со децата од страна на надлежните државни институции.

**Целна група:** Родители, деца, воспитувачи, учители, професори, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, локална самоуправа, општа популација

**Времетраење на проектот:** 18 месеци (21.01.2015 – 20.07.2016)

**Вкупен буџет и донатор:** 23,319.80 долари, Фондација Отворено општество – Македонија

**Активности спроведени во 2016 година:**

| | |
|---|---|
| 04.02.2016 | Работен состанок во ОУ „Алија Авдовиќ“ |
| 12.02.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување, ОУ „Алија Авдовиќ“, Скопје |
| 29.02.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување, Детска градинка Распеана Младост, Скопје |
| 06.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување за воспитувачи, Детска градинка Мајски цвет, Скопје |
| 06.04.2016 | Информативен отворен ден против телесно казнување на тема: Телесното казнување е злоупотреба, а не казна!, Скопје |
| 07.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување за негователи, Детска градинка Мајски цвет, Скопје |
| 12.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување за негователи, Детска градинка Детска радост, Скопје |
| 14.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување, ОУ Вера Јоциќ, Скопје |
| 19.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување за негователи, Детска градинка Пролет, Скопје |
| 20.04.2016 | Информативен отворен ден за одговорно родителство „Моќта на родителите“, Скопје |
| 20.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување за воспитувачи, Детска градинка Пролет, Скопје |
| 21.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување за негователи, Детска градинка Орце Николов, |

| | |
|---|---|
| | Скопје |
| 21.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување наменета за вработените во компанијата Move One - Скопје |
| 25.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување наменета за родителите во детската градинка Детска радост - Скопје |
| 26.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување за воспитувачи, Детска градинка Орце Николов, Скопје |
| 27.04.2016 | Работилница за одговорно родителство и против телесно казнување, ОУ Вера Циривири Трена, Скопје |
| 08.07.2016 | Завршна прес-кофенреција и промовирање на 3 водичи „Јас и мојот родител заедно можеме многу“ |

Постигнати резултати:

- Иницирана е потребата од формирање на совети на родители на национално ниво ;
- Изготвен е предлог документ за формирање на Национален совет на родителите;
- Изготвени се 3 водичи за одговорно родителство и против телесно казнување: „Моќта на родителите“, „Тепањето е злоупотреба, а не казна“ и „Зошто баш мене?“ и истите се преведени на албански јазик;
- Изработка на едукативно информативен материјал за одговорно родителство и против телесно казнување во форма на летоци и постери;
- Подигната свеста кај наставниците, стручни служби, воспитувачите, негователите и родителите на територијата на град Скопје за негативното влијанието на телесното казнување и за важноста на одговорното родителство;
- Воспоставена е соработка со 4 општини, 7 училишта и 5 градинки.

**Фотографии:**






**Линкови:**

https://www.youtube.com/watch?v=LWljy4S2JZk
https://www.youtube.com/watch?v=Wlnnvt_9OP0
https://www.youtube.com/watch?v=tn4oiD3noHM
https://www.youtube.com/watch?v=KSuO567LGsQ
https://www.youtube.com/watch?v=IHqoiGBQth0
https://www.youtube.com/watch?v=-U8A2CfTCqs

## 6. ЦИВИКА МОБИЛИТАС – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ

Во 2016, ПДАС Меѓаши, се фокусираше на реализацијата на повеќе активности планирани во повеќегодишниот план на CIVICA. Покрај планираните активности, работевме на многу теми кои не се директно поврзани или пак планирани во повеќегодишниот работен план, но се поврзани со разните области на кои CIVICA Mobilitas е фокусирана. Беа презентирани сите планирани активности кои беа реализирани како и активностите кои се поврзани со полето на работа на планот на CIVICA Mobilitas за активностите на ПДАС Меѓаши.

**Стратешкото планирање** на ПДАС Меѓаши се одржа во хотел Аурора - Берово, на 21-23.03.2016. Тој процес, беше фасилитиран од експерт кој не е вклучен во работата на Меѓаши. 11 луѓе присуствуваа на стратешкото планирање, од кои 7 беа вработени, 3 беа од Бордот и фацилитаторот. Процесот се одвиваше и заврши според планираното, поминавме низ сите аспекти на работата, поставивме нови цели, поставивме нови актери и активности, ја разгледавме визијата и мисијата повторно уште еднаш и дискутиравме околу структурата. Процесот беше завршен и добивме финален документ за стратешкото планирање 2016-2020.

Започнавме со спроведувањето на оваа активност за да креираме **промотивно видео за граѓанската организација**, во средината на февруари 2016, со иницијален состанок помеѓу тројца вработени. На состанокот, повторно го разгледавме акциониот план и се потсетивме на предходно планираните активности и се договоривме за следните чекори. Најпрво, договоривме состанок со експерт за монтирање на видеа и ги дискутиравме нашите идеи. Се одлучивме да ги прашаме сите 16 граѓански организации кои што имаат институционален грант од CIVIKA во 2015, за да земат учество во нашата активност. Добро е да се размислува и да се направи нешто во врска со јавната слика на граѓанските организации во општеството. Тоа беше можност за сите, но, за жал, добивме фидбек со потребните материјали само од 6 граѓански организации. Видеата ќе бидат промовирани во 2017.

Процедура за Менаџирање на системи за **комуникација со медиумите и јавноста.** Нова процедура во системот за менаџирање на квалитет (СМК) бр.7 „Менаџментот на

системот за комуникација со медиумите и јавноста“ беше воспоставена. Оваа процедура, стапи во сила на 9 мај 2016. Таа се состои од неколку поглавја: Вовед; врски со другите СМК документи; смислата на термините и кратенките; дескрипција на активностите (основни принципи, улоги и одговорности, начини на воспоставување на комуникација со медиумите); Заклучок и Записи.

Во предходното искуство со полето на **истражувањето**, исто како и со предходната колаборација, се одлучивме се довериме на BRIMA за спроведување на истражувањето. По состанокот со BRIMA што беше оддржан некаде во средината на март, тимот на Меѓаши се собраа за да ги дефинираат полето и прашањата кои што сакавме да бидат истражени. Дефинираните прашања и полиња на интереси беа испратени до BRIMA по пат на е-маил, и наскоро ги добивме дефинираните прашања за истражувањето. Беше договорено дека истражувањето и резултатите ќе бидат доставени до Меѓаши, не покасно од 27.04.2016. Истражувањето ќе биде спроведено преку телефонски повици и ќе вклучи 600 испитаници. Во април, ПДАС Меѓаши го доби документот од квантитативната анализа која што вклучуваше 13 прашања во врска со разни аспекти од нашата работа.

Координаторот на СОС линијата, креираше документ за акциониот план за **хармонизација на СОС телефонската линија**. Потребно е, овој документ да се разгледа и да се промени на состанок на тимот на ПДАС Меѓаши.

Активноста за производство на нови **кутии за донација**, започна во март со испраќањето на барање за понуди до 7 компании кои што работат со пластика. Добивме повратен одговор само од 3 од кои најдобрата беше избрана. До крајот на март 2016, ги добивме нашите нови 45 кутии за донации.

Подготовката за активноста **работилница за подготвување на етички кодекс**, започна со прашалникот кој беше испратен и беше одговорен од сите членови од нашиот тим во 2016 и беше креирана предлог верзија, во 2017, тимот ќе се собере за да го ревидира и адаптира новиот етички код на ПДАС Меѓаши.

Во полето/актвностите на **контактирање на странски организации** во 2016 покрај регуларните контакти, ја поддржавме партнерската организација од Турција. *Поддршка и солидарност* до Агендата за Детската Асоцијација (Gündem Çocuk Derneği). Како солидарност до нашата партнерска организација во Турција, продолживме да се бориме заедно во одбрана за дигнитетот и работата на Агендата за Детската Асоцијација (Gündem Çocuk Derneği) и сите останати 375 граѓански организации кои што се затворени! Секое дете е важно и секое дете заслужува да има некој кој ќе се бори за него/нејзе, ќе ги заштити неговите/нејзините права, што денес не би било возможно без организации како што е Агендата за Детската Асоцијација (Gündem Çocuk Derneği)! www.gundemcocuk.org

Детската амбасада Меѓаши редовно соработува со странски организации за различни аспекти на детските права; ние исто така аплицираме заедно на повик за предлози како и за имплементирање на многу активности на проекти. Имено, ПДАС Меѓаши е член на интернационалната мрежа на СОС линиите за помош. Меѓународната детската линија за помош, го поддржува Меѓаши во процесот на хармонизација на СОС линијата за помош. Меѓаши, исто така е член на Европската мрежа EUROCHILD, каде што заедно со другите членови, учествуваме во креирањето на полисите и стратегиите за правата на децата на ниво на Европа.

**Организирање на состаноци за соработка со бизнис секторот.** Во декември 2016, добивме повик од компанија која што нè поддржува со купувањето на Божиќни честитки. По краток состанок со тимот, ние одлучивме дека ќе ни бидат потребни новогодишни пакетчиња и со тоа што ќе го донесеме Дедо Мраз, ќе донесеме и насмевка на децата на кои што тоа им е потребно, кои што живеат во близина на нашата канцеларија. Ние одлучивме да го прашаме мађионичарот Кристијан, да изведе некои магични трикови за децата пред Дедо Мраз да им ги подели пакетчињата. Бројот на деца, на кои што знаеме дека им е потребна ваков вид на поддршка, беше приближно 150, па моравме да контактираме и други компании со цел да имаме поголем број на пакетчиња. Успеавме да најдеме, за пократко од еден час, и со дополнителни 30 пакетчиња од ПДАС Меѓаши, достигнавме бројка од 230. Децата уживаа во магичните трикови , беа воодушевени и среќни. Дедо Мраз, ги подели новогодинешните пакетчиња на околу 100 деца кои беа на местото на настанот и другите 130 ги даде на родителите за децата кои што не беа во можност да дојдат во просториите на Меѓаши. Ние сме среќни што успеавме да донесеме насмевка на 100-те деца кои што беа во канцелариите на Меѓаши на 29-ти декември.

Идеата за креирање на ваква организација како што е ПДАС Меѓаши, беше да се помогне на тие на кои што им е потребно, но, за жал, се соочивме со поплавите и последиците кои што се појавија. Најчесто работиме со кризи кои што се поврзани со војни, но сега бевме соочени со друг тип на катастрофа и го организиравме целиот тим за помош на тие кои што им е потребно, со фокус на децата и родителите. Работата на нашата организација беше најпрво да ги лоцира децата, за да ја откриеме бројката на деца и возраста на децата во областа на поплавите. Вториот чекор, беше да ја зголемиме свесноста за можностите во нарушување на здравјето кои што можеа да се појават, и да доставиме хуманитарна помош за децата. Третиот чекор беше да помогнеме во евакуацијата на децата и бремените жени. Откатко ги дознавме локацијата и потребите на децата и нивните родители, одбраните донации од граѓаните и од ПДАС Меѓаши и ги доставивме директно до локациите кои што ги добивме. По првите неколку дена, организиравме доктори и отворивме медицински центар каде што жителите беа во можност да го проверат своето здравје, да добијат мислење и прва помош. Голем број на волонтери и доктори помогнаа во остварувањето и група за поддршка беше креирана на Facebook.

## 7. АКТИВНОСТИ ЗА ПРОМОЦИЈА И ОДРЖЛИВОСТ

**Кутии за донации**

Во 2016, благодарение на грантот од CIVICA, ПДАС Меѓаши го зголеми бројот на кутии за донации за 45 нови, модерни кутии од плексиглас. Секоја нова кутија за донации, има 3 логоа од ПДАС Меѓаши, на 3 јазика, Македонски, Албански и Англиски. Исто така има порака за поддршка на 3 јазика и налепници со информации за контакт со Амбасадата. Со новите кутии за донации, планираме да ја зголемиме мрежата на кутии за донации и со ова да го зголемиме бројот на активности и бројот на жители кои ќе ги поддржваат нашите активности. Новите кутии за донации, ќе бидат доставени во 2017, главно во супермаркетите. Донациите од 2016 и иста како и предходната година, иклучиво со разлика во бројот на заменети кутии за донации кој што беше помал од предходната година.

**Новогодишни честитки**

Продажбата на новогодишните честитки започна во ноември, откако подготовките беа завршени. Целокупната продажба беше успешна и покрај тоа што финансиот приход од продажбите беше помал од приходот во 2015. Бројот на компаниите кои што ја поддржуваа ПДАС Меѓаши е зголемен, но приходот беше намален главно поради тоа што еден од нашите најголеми поддржувачи се одлучи да го намали бројот на купени новогодишни честитки. Намалувањето на бројот на купените новогодишни честитки се случи во уште неколку компании кои што го поддржуваа Меѓаши  во предходните години, и тоа е причината за намалување на приходот. Како и да е, ние бевме повеќе мотивирани да најдеме нови поддржувачи и успеавме да го направиме тоа. Оваа активност беше поддржана од многу веб-портали кои што даваа бесплатен простор за промоција на новогодишните честитки како донација, исто така го зголемивме бројот на испечатени понуди, и започнавме соработка со нова компанија која што има база на податоци од многу е-маилови од бизнис компании.

**Донации**

Праксата за донирање на облека продолжи и во 2016, и многу граѓани од општина Аеродром донираа облека и кондури кои што им беа дадени на оние на кои што им беа потребни. Многу граѓани донираа храна, хигиенски продукти, пелени, храна за бебиња и така натаму, за семејствата со мали деца во поплавените области на Скопје.

## 8. ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВИ

### 8.1 Поддршка на иницијативата за поделено старателство

Меѓаши ја поддржува иницијативата за измени и дополнувања на законот за семејство, која што доаѓа од група на родители, за спроведување на заедничко старателство и соодветно родителство по развод. „Детето не би требало никогаш да

биде поставено во ситуација да избира помеѓу двата родители“; „Разводот би требало да биде крај на бракот, не крај на родителството“. Овој модел укажува на зајакнување на квалитетната комуникација помеѓу родителите, со цел да се намали и превенира трауматското доживување кај децата поради разводот на родителите. Група на родители, поддржани од Детската Амбасада „Меѓаши“, го поднесе предлогот за измени на законот за семејство до Министерството за Труд и Социјална Политика, со барање да се претстави заедничкото старателство за децата по разводот.